Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневните настани 06.09.2023

На 05.09.2023 полициски службеници од СВР Скопје- Единица за недозволена трговија, по претходно добиени оперативни сознанија и наредба за претрес од Основен кривичен суд Скопје, извршија претрес во дом кај И.К. (31) во Волково, скопско. При претресот пронајдени се марихуана, дигитална вага и еден куршум. Лицето е лишено од слобода и задржано во полициска станица и против него, по документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна кривична пријава по брза постапка.

На 05.09.2023 во 21.30 часот, полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Гази Баба го лишиле од слобода Х.А.(29) од с.Средно Коњари, скопско. Тој се сомничи дека околу 18.00 часот во правно лице на подрачјето на Гази Баба извршил тешка кражба на дрзок начин, при што одзел пари. Во службен разговор, тој го признал делото, а поголем дел од одземеното било пронајдено и ќе биде вратено на сопственикот. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје – Полициска станица Аеродром поднесе кривична пријава против Т.С.(47) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво". Имено, по преземени мерки и активности во координација со Основното јавно обвинителство Скопје, утврдено е дека на 04.09.2023 со закана кон вработената одзел пари од продажен објект на подрачје на Аеродром. На 05.09.2023 во 04.30 часот на бул. „Јане Сандански" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Аеродром го лишиле од слобода, по што било изведен пред судија на претходна постапка, кој му определил мерка притвор во траење од 30 дена.

На 05.09.2023 во 07.00 часот во с.Бузалково, велешко, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода М.С.(50) од с.Бузалково. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, биле пронајдени и одземени револвер, 51 патрони за ловечка пушка, гасен пиштол и рамка за гасен пиштол. Лицето било приведено во полициска станица и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.09.2023 во 07.10 часот во с.Бузалково, велешко, полициски службеници од СВР Велес го лишиле од слобода Ј.Ј.(23) од с.Бузалково. При претрес во неговиот дом, извршен со наредба од Основен суд Велес, била пронајдена рамка за автоматска пушка. Лицето било приведено во полициска станица и за настанот бил известен јавен обвинител. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.09.2023 во 21.00 часот во Скопје, на подрачје на Карпош, полициски службеници го лишиле од слобода Д.К.(32) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 06.09.2023 на крстосницата од ул.„Борка Влачарот" со ул.„Димо Наредникот" во Прилеп, полициски службеници од ОВР Прилеп го лишиле од слобода Д.Ј.(31) од Прилеп затоа што кај него биле пронајдени и одземени марихуана и предмети со остатоци од марихуана. По документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.09.2023 во 17.45 часот на улицата „Партизанска" во Струга, полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при ОВР Струга го лишиле од слобода М.С.(33) од Гостивар затоа што кај него била пронајдена и одземена ќеса со бела прашкаста материја. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.09.2023 во 20.00 часот во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово, со судска наредба, го привеле 47-годишниот А.Х. од тетовско Шемшово. Тој бил осуден на затворска казна за сторено кривично дело „затајување". По приведувањето, тој бил спроведен во Казнено-поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

Во текот на вчерашниот ден (05.09.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе засилена акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 294 возачи. Од нив 13 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина. Притоа 159 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 135 надвор од населено место.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (05.09.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 169 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 41 санкција, 12 мерки за возење без возачка дозвола, 11 санкции за користење мобилен телефон при возење. Изречени се пет мерки за минување на затворен сигнал (црвено светло), четири санкции за некористење сигурносен појас, три мерки за непропишно престројување на возила...

На 05.09.2023 во 17.00 часот во СВР Охрид било пријавено дека на улицата „Дејан Војвода" во Охрид, патничко возило „рено меган" со охридски регистарски ознаки, управувано од Б.С.(26), удрил во Р.Т.(84), двајцата од Охрид. Притоа, Р.Т. се здобила со тешки телесни повреди констатирани во болницата „Св.Еразмо" во Охрид. Увид на местото на несреќата извршила екипа од СВР Охрид.
На 05.09.2023 во 12.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Петар Манчуков" и сервисна улица што ја поврзува улицата со ул.„Александар Ударевски" во Скопје, патничко моторно возило „рено" удрило во М.А.(26) од Скопје и го напуштило местото. По несреќата, М.А. бил пренесен во Градската општа болница „8 Септември", каде му биле констатирани тешки телесни повреди. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје.

На 05.09.2023 во 19.35 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.В.(67) од Скопје пријавил дека на ул.„1520" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.К.(20) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи" и ,,прикривање". Во текот на август 2021 година, малолетничка извршила кражба во патничко возило и одзела пиштол „HS 2000" калибар 9 мм, рамка со 15 куршуми, празна рамка, пари и лични документи, кои му ги дала на пријавениот за да ги продаде. На 18.06.2023, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што биле пронајдени одземените предмети.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.Р.(26) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „шутетување и неовластено навлегување во компјутерски систем" и „злоупотреба на лични податоци". Во јануари 2023 година, по барање на неговата порамешна девојка, пријавениот го деактивирал нејзиниот инстаграм профил. Во јули 2023 година таа забележала дека нејзиниот инстаграм профил е активен и има објавено нејзина слика и дека од наведениот профил пишувал пораки на службениот инстаграм профил кој го користат на нејзиноте работно место.

На 05.09.2023 во 12.30 часот во СВР Тетово, од гостиварската општа болница „Ферид Мурад" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен 31-годишниот Г.Ч. од Република Албанија. Според пријавеното, тој се здобил со повредите при сеча на шума со уште едно лице од Република Албанија и Р.М.(39) од гостиварско Дебреше. Подоцна, во врска со настанот во полициска станица бил приведен и задржан Р.М.. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 05.09.2023 во 18.00 часот, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го привеле 42-годишниот Ш.Х. од Република Албанија поради сомнение дека го злоупотребил туристичкиот престој, односно престојувал спротивно на целта. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар за натамошна постапка.

На 05.09.2023 во Полициска станица Центар, од Градска општа болница „Св.Наум Охридски" било пријавено дека кај нив со тешки телесни повреди бил донесен Р.Б.(31) од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и по извршен службен разговор со лицето било констатирано дека тој се здобил со повредите при извршување работни задачи во бензинска пумпа на подрачје на Центар.

Полициски службеници на СВР Тетово, минатиот месец на поширокото тетовско подрачје изрекле вкупно 754 мерки за неприлагодена брзина, односно пребрзо возење или шеесетина повеќе во споредба со истиот период лани. Најголемиот број од мерките, преку 400, се однесувале на пречекорувања на максимално дозволената брзина надвор од населено место, претежно на автопатот Гостивар-Тетово-Скопје. На сите прекршители изготовени им се законски предвидените поднесоци и тие ќе се соочат со парични глоби кои, зависно од големината на пречекорувањето, се движат од 45 до 400 евра во денарска противвредност.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.К.(21) и О.А.(21), двајцата од Тетово, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 12.01.2023 во Тетово, полициски службеници извршиле преглед над пријавените, при што пронашле и одделе марихуана.

На 05.09.2023 во 21.00 часот во Полициската станица Центар, Д.Б.(41) од Скопје пријавил дека околу 19.45 часот на подрачје на Центар, неговиот малолетен син бил физички нападнат од четири малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.09.2023 во 14.30 часот во Полициската станица Центар, Г.П.(41) од Скопје пријавил дека околу 11.50 часот на подрачје на Центар бил физички нападнат од Б.А.(27) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 05.09.2023 во 15.35 часот во СВР Скопје, Г.Р.(54) од Скопје пријавил дека околу 15.20 часот на подрачје на Кисела Вода, по претходно недоразбирање околу паркинг, бил физички нападнат од С.Р.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (06.09.2023) во 04.33 часот во СВР Скопје, В.С.(55) од Скопје пријавил дека во 04.30 часот на подрачје на Ѓорче Петров бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.09.2023 околу 19.00 часот во Полициското одделение Шуто Оризари, Е.А.(46) од Скопје пријавил дека во семејниот дом се вратил неговиот син А.А.(17), кој на 03.09.2023 беше пријавен дека се оддалечил од домот.

На 05.09.2023 во 19.30 часот во Полициската станица Гази Баба, од СОС Детско село било пријавено дека од установата се оддалечила Р.И.(17). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет